*ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ - СКОПЈЕ*

# *ЕТИЧКИ КОДЕКС*

## *за стручните работници во дејноста социјална заштита*

*Скопје, јануари 2020 година*

Врз основа на член 110 став 1 алинеа 9 од Законот за социјалната заштита (Сл. весник на Република Северна Македонија бр.104/19, 146/19 и 275/19), ЈУ Завод за социјални дејности донесува:

# *ЕТИЧКИ КОДЕКС*

## *За стручните работници во дејноста социјална заштита*

### Вовед

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за превенција, заштита од социјалните ризици и надминување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат на добросостојбата на граѓаните.

Како основен услов за давање на квалитетна услуга на корисникот во системот на социјална заштита, покрај знаењето и вештините, неопходна е и посветеноста, професионалноста и етичкото однесување на стручните работници. Етичката свесност на стручните работници претставува суштина на стручната работа во социјалната заштита.

Законските норми не даваат готови упатства за однесување на стручните работници во одредени ситуации, затоа Етичкиот кодекс упатува на одредени морални аспекти. Етичкиот кодекс содржи низа вредности, начела, правила и стандарди кои го насочуваат професионалното однесување на стручните работници во управување со предмети и донесување на одлуки.

Сите стручни работници должни се да се грижат за правилна примена на овој Етички кодекс и за секоја повреда на истиот да им укажат на колегите за неетичкото однесување или да се обратат до надлежните органи односно до Комисијата за лиценцирање или Етичкиот одбор.

# I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

## Цел на Етичкиот кодекс

### Член 1

Со Етичкиот кодекс се утврдуваат и пропишуваат етичките стандарди и правила на професионално однесување на стручните работници во дејноста социјална заштита.

Целта на Етичкиот кодекс е унапредување и афирмација на достоинството на стручните работници во дејноста социјална заштита, зајакнување на довербата на граѓаните во работата на истите и унапредување на квалитетот на дадени услуги кон корисниците.

Стручните работници ги применуваат и се придржуваат кон етичките правила и стандарди од Етичкиот кодекс во однос на корисниците, колегите, органите на раководење, други установи и граѓански здруженија со кои соработуваат, професијата и заедницата согласно законската регулатива.

### Член 2

Стручните работници во дејноста социјална заштита совесно ги извршуваат своите работни задачи и своето професионално знаење и искуство го посветуваат на грижа и заштита на корисниците преку промоција на толеранција и меѓусебно почитување.

Во своето професионално делување, стручните работници ги почитуваат основните човекови права и вредности спрема начелото на социјална правда и еднаквост без разлика на постоечките разлики и се должни да ја задржат својата стручност, компентенција и интегритет во работата со корисниците и соработниците.

### Член 3

Стручните работници го чуваат угледот на установата во која работат и зависно од позицијата на која се наоѓаат, даваат придонес за унапредување на работата на установата, како и подобрување на ефикасноста на услугите.

Раководниот орган на давателите на јавни услуги во установи за социјална заштита и кај други даватели на социјални услуги или овластено лице од негова страна, го запознава секој нововработен стручен работник кој за прв пат засновува работен однос со одредбите на Етичкиот кодекс.

Стручните работници во вршењето на работите од социјална заштита постапуваат во согласност со одредбите на Етичкиот Кодекс, доколку при вршење на стручен надзор се констатира дека стручен работник при вршење на работата постапува спротивно на Етичкиот кодекс, Заводот за социјални дејности до Комисијата за лиценцирање доставува предлог за одземање на лиценца за работа.

Изразите, употребени во Етичкиот кодекс кои се родово определени, се користат неутрално и се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол.

## II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

### Член 4

Стручните работници, работите за кои се надлежни ги извршуваат на законски начин и со почитување на начелата на социјална заштита согласно II глава од Законот за социјална заштита, и тоа:

- Начело на супсидијарност;
- Начело на еднаков третман и недискриминација;
- Начело на партиципативност;
- Начело на индивидуализација;
- Начело на зајакнување на корисникот;
- Начело на приватност;
- Начело на почитување на инегритетот и правата на корисникот;
- Начело на најдобар интерес;
- Начело на најмалку рестриктивно опкружување;
- Начело на доверливост;
- Начело на јавност во работењето;
- Начело на социјална праведност.

## III. ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ

Член 5

Стручните работници се грижат и го унапредуваат сопствениот дигнитет и угледот на установата во која работат и тоа како за период на работното време, така и надвор од него. При тоа не ја користат службената положба за приватни цели и не изнесуваат службени податоци кои би можеле да го нарушат угледот на установата, но и довербата на корисниците.

Стручните работници при вршење на работните задачи го почитуваат правото, достоинството и интегритетот на корисниците, но се грижат и за сопствениот интегритет. Интегритетот на личноста вклучува чесност, вистинитост, обврска кон сопствените морални вредности и должности.,

Стручните работници во сите јавни настапи и претставување на установата пред други, ги изнесуваат ставовите на установата во согласност со законските прописи и надлежности, стручните знаења и Етичкиот кодекс.

Член 6

При вршење на работата во областа на социјалната заштита стручните работници бараат пристап само до информациите кои им се потребни и ги користат на начин пропишан со закон. Воедно стручните работници даваат точни и потполни податоци за кои се овластени во рамки на работите кои ги вршат, освен ако пристапот до податоци е ограничен согласно законот и чуваат службени тајни и податоци од доверба кои им се доверени.

Стручните работници водат стручна документација за корисникот и дадените услуги согласно Законот за социјалната заштита и подзаконските акти, се грижат за обезбедување на потполни и веродостојни податоци неопходни за остварување на правата и користење на услуги на корисникот, заради контрола и континуитет на квалитетот на дадените услуги и стручна помош.

## IV.ОСНОВНИ ПРАВИЛА НА ОБЛЕКУВАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Член 7

Стручните работници се со уреден надворешен изглед, внимаваат на својата лична хигиена и се облекуваат на адекватен начин на кој не го нарушуваат сопствениот углед и угледот на установата.

На работното место не ги изразуваат своите политички, верски и други лични ставови или на групи на кои припаѓаат и кои би можеле да ги доведат во ситуација на сомнеж за пристрасност или нарушување на неутралниот став кој треба да го имаат кон корисниците.

## V. ОДНОС НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ КОН КОРИСНИЦИТЕ

Член 8

Во вршење на работните должности дадени согласно законските надлежности, стручните работници во однос на корисниците постапуваат:

-Професионално, неутрално и љубезно, особено со деца и со други ранливи категории на корисници;

-Благовремено и точно даваат информации и податоци за олеснување на пристапот на корисниците до правата и услугите;

-Со почит и достоинство се однесуваат кон секој корисник и превземаат мерки на заштита на правата на корисникот.

Член 9

Стручните работници не дискриминираат, не користат говор на омраза, навреди кон корисникот, не понижуваат или дискредитираат, не се вклучени во корупција или друг вид на злоупотреба на службената должност.

Стручните работници обезбедуваат индивидуален пристап на корисникот и негова активна партиципација, по потреба и на членовите на неговото семејство и тоа во планирање, избор и давање согласност на користени права и услуги. Со тоа целосно го информираат корисникот за правата, можностите, можните ризици и ограничувања на одредени постапки и за други прашања важни за корисникот. Добросостојбата на корисникот е приоритетна цел и одговорност на стручните работници.

## VI. МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ НА ВРАБОТЕНИТЕ И НА РАКОВОДНИОТ КАДАР

Член 10

Сите форми на комуникација меѓу вработените се засновуваат на меѓусебна почит, доверба, соработка, пристојност и одговорност.

Стручните работници им овозможуваат пристап на колегите до потребните информации од интерес на работата, развиваат форми на организациско учење, ги прифаќаат и вреднуваат колегите со нивните професионални достигнувања.

Стручните работници во дејноста социјална заштита, континуирано се едуцираат и стручно усовршуваат за да обезбедат високо ниво на стручна и етичка компентенција при давање на услуги на корисниците. Тие треба да поседуваат лиценца за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита, согласно одредбите од Законот за социјалната заштита.

Член 11

Раководниот орган на установата дава пример на етичко однесување на другите вработени, како и поттикнува позитивна атмосфера за квалитетно и навремено вршење на работните задачи, меѓусебно почитување и соработка. Раководниот орган е должен да се грижи за рамноправна распределба на работните задачи кон сите вработени подеднакво.

Раководителите, координаторите и супервизорите ја следат примената на Етичкиот кодекс, им укажуваат на стручните работници за пропустите во работата и преземаат потребни мерки за примена на етичките правила и стандарди.

Стручните работници и раководниот орган развиваат соработка и партнерство со други институции и граѓанскиот сектор, во функција на унапредување на работата на установата и унапредување на квалитетот на услугите кон корисниците.

Со своите изјави и коментари не ги доведуваат во прашање одлуките, угледот и достоинството на раководниот орган.

Стручните работници во дејноста социјална заштита не примаат подароци и не смеат да бараат , примаат односно да дозволат друго лице во нивно име или нивна корист да бара, дава или прима подарок, услуга или било каква друга вредност, помош или друга корист во врска со вршењето на должноста, која би можела на било кој начин да го компромитира нивното работење или да ги стави во несоодветна положба и обврска.

## VII.ОДБЕГНУВАЊЕ НА СУДИР НА ЈАВНИ И ПРИВАТНИ ИНТЕРЕСИ

Член 12

Стручните работници во извршувањето на своите работни задачи, овластувања и должности, избегнуваат било каков судир помеѓу јавниот и приватниот интерес, како и било каков сомнеж за постоење на судир на интереси. Во своето постапување и однесување, стручните работници се водат од јавниот интерес во согласност со Уставот, законите, подзаконските акти,начелата и постапуваат совесно, стручно, без дискириминација и без никаков приватен интерес.

Во случај на постоење на судир на интерси, должни се веднаш, без одлагање да го пријават истиот кај раководниот орган.

## VIII. ОДГОВОРНОСТ КОН ЗАЕДНИЦАТА

Член 13

Стручните работници преземаат и развиваат активности за превенција на социјалните појави, ризици и проблеми во локалната заедница, согласно одредбите од Законот за социјална заштита, а во соработка со други државни, правни и физички лица и здруженија.

Со своето работење, стручните работници ги унапредуваат меѓучовечките односи, хуманизмот, солидарноста и сигурноста во пошироката социјална и општествена заедница. Воедно развиваат и практикуваат професионална сензибилност за социјалните појави, ризици и проблеми во заедницата.

Стручните работници со своето работење создаваат позитивни социјални промени, даваат иницијативи во делот на законодавната и социјална политика кои се во интерес на корисниците и професионалната заедница или предупредуваат на пракса која отстапува од начелото на социјална праведност или спречување и отежнато користење на ресурсите и услугите. Даваат поддршка во заедницата за градење на мрежа на ресурси и социјална поддршка, како за секој граѓанин, така и за специфични категории на корисници.

Соработката со медиумите е коректна и професионална и при давање на информации се води сметка за заштита на приватноста и интересите на

корисниците, а особено на децата. Во случај на злоупотреби од страна на медиумите, раководниот орган и стручните работници предупредуваат и јавно реагираат на нив.

Стручните работници ја презентираат својата работа и во поширокота социјална средина преку учество на јавни дебати, трибини, стручни конференции, објавување на стручни трудови и други форми на инфромирање на граѓаните по пат на различни медиуми.

## IX. ЕТИЧКИ ОДБОР

Член 14

Етички одбор го формира ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, а составен е од тројца претставници, од кои еден од Заводот за социјални дејности, еден од Комисијата за лиценцирање и еден претставник од јавните установи за социјална заштита.

Етичкиот одбор донесува Деловник за работа.

Член 15

Етичкиот одбор постапува по претставки и сознанија за неетичко постапување на стручен работник во работата со корисници кое е спротивно на Етичкиот кодекс за стручните работници.

Етичкиот одбор ги испитува претставките и сознанијата за неетичко постапување на стручен работник, составува извештај за констатираната состојба кој може да содржи и предлог за одземање на лиценца за работа на стручниот работник, и истиот го доставува до Комисијата за лиценцирање.

Член 16

Етичкиот Кодекс го донесува ЈУ Завод за социјални дејности и истиот е јавно објавен и достапен на веб страната на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје.

## X.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 1 7

Сите стручни работници во дејноста социјална заштита се должни да се запознаат со одредбите на Етичкиот кодекс и  да се грижат за негова правилна примена.

Член 18

Овој Кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување.

ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје
Директор,
Стојан Станиславски